| Да биде раководител во организацијата каде што работам | 16, 9 % | 87, 2 % | 10, 5 % | 5, 8 % |
| Да ја претставува мојата општина во Собранието на РМ | 23, 8 % | 83, 7 % | 14 % | 7, 6 % |

**Заклучок**

Поаѓајќи од фактот дека македонското општество, во голема мера, е дезинтегрирано по етничка основа, односно дека нетолерантноста и чувството на меѓусебна нетрпеливост меѓу граѓаните од различни етникуми води кон перманентни, латентни или манифестни интеретнички тензии и конфликти, во овој труд се прави обид да се детектира религиската дистанца во функција на подобрување на соживотот во нашата земја.

Сето тоа оди во прилог на демократизација која подразбира зголемување на транспарентноста, дијалогот, политичката култура, толеранцијата, заемното почитување меѓу граѓаните како на интра, така и на интеретничко ниво;

Од особена важност за нашата земја е намалувањето на етничката и религиската дистанца меѓу граѓаните од различни етникуми и конфесии што би водело кон зголемување на меѓусебната доверба, што е основен предуслов за подобрување на капацитетите на социјалниот капитал и социјалната интеграција на македонското општество.

Сепак од истражувањата можеме да забележиме дека во Република Македонија степенот на религиозноста е на релативно високо ниво. Од резултатите на истражувањето може да се забележи дека степенот на религиозност е повисок кај испитаниците од албанската етничка заедница и со исламска вероисповед, но мораме да потенцираме дека ваквата разлика во однос на испитаниците од македонската етничка заедница и со правиславна христијанска вероисповед не е многу голема. Дури, ако се направат споредби со останатите сегменти на македонското општество, изненадувачки е висок степенот на доверба во религиозните институции. Во делот на религиската дистанца забележливо е поголемо дистанцирање на припадниците на Исламската заедница во однос на останатите конфесии, споредбено со ставовите на припадниците на Христјанската-Православна религија во однос на останатите.

**БИБЛИОГРАФИЈА:**

Ташева, М., (1998), „*Етничките групи во Македонија – Современи состојби*“, Скопје: Филозофски факултет

Ташева, Р., Ф., (2007), „*Албанците и Македонците: Етничката интеракција во Република Македонија, пред и по конфликтот од 2001 година*“, Штип: 2-ри Август С

Park, E. R., Burgess, E. W. (1921), Introduction to the Science of Sociology, Chicago: The University of Chicago Press.

Park, E. R. (1924), “The Concept of Social Distance as Applied to the Stdy of Racial Attitudes and Racial Relations”, Journal of Applied Sociology

Лазароски Ј. (1994) „*Националната приврзаност и односот спрема други народи“* Скопје: НИО "Студентски збор"

## РЕЛИГИЈА И РЕЛИГИСКАТА ДИСТАНЦА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА


**Страшко Стојановски**
Проф. д-р, Правен факултет, Универзите „Гоце Делчев"-Штип
E-mail: strasko.stojanovski@ugd.edu.mk

**Даниела Коцева**
доц. д-р, Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев"-Штип
E-mail: daniela.koceva@ugd.edu.mk



**Апстракт**

Овој труд се темели на две истражувања реализирани од истражувачки тим од Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во текот на 2015 година. Религиската дистанца како примарен сегмент на општествената организација, заедно со етничката припадност, е клучен фактор за детерминирање на меѓугрупните односи во македонското општество. Оттука, ставовите на испитаниците тангираат прашања поврзани со различни сегменти на религиската организација и убедувања, но и ставови кои истата ја ставаат во корелативни односи со политичката мобилизација и меѓуетничката коегзистенција. Токму создавањето на предуслови за меѓурелигиска коегзистенција се поврзува со можноста одредени групи да градат повеќе или помалку инкулзивни ставови во однос на натпреварот за ресурси во релациите со останатите групи. Доминантноста на биконфесионалниот модел, со одредени исклучоци, ја пресликува политичката позадина на доминацијата на дата најголеми етнички субјекти во државата, а со тоа и можноста за градење на комплексни односи на политичка мобилизација во Р. Македонија.



***Клучни зборови:*** *религија, политичка мобилизација, религиска дистанца, Македонија, инклузивност.*


## RELIGION AND RELIGIOUS DISTANCE IN REPUBLIC OF MACEDONIA


**Abstract**

This paper is based on two surveys conducted by research team on Goce Delchev University in Shtip, during the year of 2015. Religious distance as a primary segment of social organization, together with ethnicity, is a key factor for determination of the intergroup relations of Macedonian society. Therefore, the attitudes of the surveyed are connected with different questions of the religious organization and convictions, but also and attitudes whish connect

the religion with political mobilization and interethnic coexistence. Creating preconditions for interreligious coexistence is connected with possibility certain groups to build, more or less, inclusive relations in the context to reach the social resources toward the other groups. The domination of by confessional model, with certain exceptions, reflects on the political background of domination of the two biggest ethnic groups in the state, generating the complexness of total relations of political mobilization in Republic of Macedonia.
***Keywords:*** *religion, political mobilization, religious distance, Macedonia, inclusivity.*

**Вовед**

Последните децении сведоци сме на повторно влегување на религиите во јавната арена, вклучени преку појавата на нови религии, како и значајни промени во старите религии. Ова верско оживување и оваа верска трансформација, во голема мера се условени од брзиот раст на имиграцијата и создавањето на нови „дијаспора"- заедници коишто се, на глобално ниво, мрежни. Религијата игра важна улога во конституирањето на колективни идентитети и во обликувањето, како на националните, така и на меѓународните културни карактеристики и граници. Фреквенцијата на тензии и конфликти, поврзани со религијата, особено се зголемија во светот, нивните мотиви, исто така, можат да се одразат и врз културните, политичките и социо–економските сфери. Сепак, голем број на иницијативи и проекти, фокусирани на истражување на религиозното заживување во Европа и светот, не успеаја да го проценат оживувањето на религијата во контекст на другите општествени и политички процеси.

Светот е во средината на еден процес на трансформација што може да се сфати како премин од религиозен плурализам на културен и етнички плурализам, што често се карактеризира со силна религиозна основа. И покрај разликите меѓу различните национални системи, во однос на црквата и државните односи, некои карактеристики можат да се препознаат како заеднички: прифаќањето на верските заедници од јавноста, признавање на нивните специфични карактеристики, одреден степен на државна контрола над нив и селективна и оценета соработка на јавните институции со верските заедници. Една од најважните промени во денешната глобална сцена е развојот на транснационални, верски и/или етнички виртуелни здруженија, заедници и мрежи, меѓу кои и дијаспора-заедниците и мрежите. Под влијание на обемните

миграциски движења, придружувани од процесите на глобализацијата, се развиле голем број на такви дијаспора-мрежи, заедници и организации. Тоа придонело за далекусежна трансформација на легислативата за верските заедници и нивното учество во јавните сфери и во уставот на колективните идентитети.

Денес, во западниот свет, луѓето своето духовно исполнување главно го пронаоѓаат надвор од традиционалната религија и религиски институции. Некои чувствуваат потреба за припадност кон одредени институции, други се привлечени од источните филозофски, етичко-морални движења и учења, па својот духовен мир и спокој го пронаоѓаат со практикување на овие филозофски учења и техники. Имено, денешниот современ свет го карактеризира плурализам во однос на религиите и културите, при што голем број од верниците најчесто „избираат и мешаат“ елементи од различни традиции, верувања и филозофии.

Не постои современо општество кое во својата основа и според својата структура не е мултиетничко и мултикултурно. Денешните современи, мултикултурни општества се соочуваат со истите предизвици: како да се обезбеди соживот меѓу различните културни и етнички заедници; како да се развие чувство на заедничка припадност кај сите членови на политичката заедница; како да се излезе во пресрет на барањата на културните различности; како да се обезбеди политичкото единство; како да се сочува опстанокот на општеството.

Интеграцијата во мултиетничките општества е процес во кој е вклучена промоцијата на човековите права и основните слободи на поединецот, како и обезбедувањето правична застапеност на сите етнички заедници во политичката, економската, социјалната и во културната сфера, што може да доведе до мирен соживот на различни културни идентитети во рамките на една држава. Од друга страна, пак, сите припадници на културните и етничките заедници мора да развиваат чувство на заедничка припадност и лојалност кон државата, како еден од основните предуслови за воспоставување заедништво и соживот меѓу различните групи.

Етничките, религиските и јазичните особености претставуваат основни карактеристики коишто го дефинираат начинот на функционирање на државите и нациите во светот. Тие, од една страна, претставуваат богатство на содржини што му даваат нов квалитет на заедничкиот живот, но од друга страна, можат да бидат и главни причини за бројни конфликти меѓу различните етникуми, односно крајно негативно да влијаат врз процесот на социјална интеграција на заедницата.

Република Македонија конкретно се одликува со зголемена етничката дистанца. Недовербата, нетолерантноста и чувството на меѓусебна

нетрпеливост меѓу граѓаните од различни етникуми сé повеќе доминираат во македонското општество. Сето тоа води кон продлабочување на разликите и затворање во сопствените етнички атари, што придонесуваат за појавата на интеретнички тензии. На овој начин се загрозува политичката стабилност и социјалната интеграција на заедницата, односно се создаваат реални претпоставки за дезинтеграција на македонската држава.

Едно мултиетничко општество не може да е стабилно и долговечно без развивање на заедничко чувство на припадност меѓу своите граѓани. Чувството на припадност не може да е етничко или засновано врз споделени културни, етнички, религиски или други карактеристики, имајќи предвид дека мултиетничкото општество е премногу разнолико за тоа, политичко во својата природа и засновано врз споделена природна посветеност кон политичката заедница.

Социјалната кохезија и интегрирањето на општеството, особено на оние со мултикултурен и мултиетнички предзнак, истовремено значи и постигнување на висок степен на стабилност и безбедност во државата, вклучително и во регионот. Современата држава претставува специфична политичка заедница на обединети граѓани ,без разлика на нивната етничка, културна, религиска и друг вид припадност.

Поимот на етничка дистанца се однесува на субјекитвното чувство на близината која ги изградува една особа или група на луѓе спрема друга особа или група. Етничката дистанца, како испитување на степенот на социјална близина (одалеченост) всушност зборува за психолошките бариери што ја олеснуваат или отежнуваат социјалната интеракција. Бариерите или дистанците можат да бидат подигнати на основа на било која критериум што за групата е значаен во одредена ситуација .

Одбивањето на припадниците на другата група и стереотипизирањето по правило се резултат на недостаток на комуникација и интеракција особено кај групите со различно културно потекло. Еден од индикаторите на социјалната толеранција, тесно врзан за предрасудите и етничките стереотипии, е **социјалната дистанца.** Социјалната дистанца е конотативната, "однесувачката" димензија на предрасудите и стереотипите, која означува неприфаќање на определени видови односи со други етнички групи.

Концептот на социјална дистанца датира уште од 1924, кога Park го дефинира како континуум на степени на интимност што ги карактеризираат социјалните односи воопшто. На тој континуум, едниот крај е претставен со крајно блиски, топли и интимни контакти, средината означува нијанси на индиферентност, а другиот крај на континуумот подразбира активно недопаѓање, нетрпеливост и одбивање. Правејќи

преглед на наодите на повеќе истражувања во поширокиот регион, Лазароски (1994) ги сублимира теориските проучувања и емпириските наоди за социјалната дистанца во период од повеќе децении. Тие покажуваат дека социјалната дистанца е постојано присутна како реална општествена појава, како производ на објективни општествени спротивности (материјални, расни, историски, ситуациони, културни, јазични). Исто така е утврдено дека постои поврзаност помеѓу позитивните етнички стереотипи и прифаќањето, како и помеѓу негативните етнички стереотипи и неприфаќањето на определени социјални релации. Нагласената социјална дистанца, како израз на негативните етнички предрасуди кон некоја етничка група, по правило е знак на етноцентризам.

Религијата и националната припадност претставуваат главни елементи во креирањето на културата и личноста. На религијата, како снабдувач на идентитетот, различно се гледало, во зависност од традицијата и контекстот во кој таа се развивала. Сепак, не постои сомнеж дека во текот на долг временски период верскиот идентитет беше клучен елемент во одредувањето на етничкиот идентитет, или пак самиот прерасна во примарн идентитет, туркајќи ги другите елементи на етницитетот во втор план. Па оттука и интересот да се измери и утврди токму таа религиска дистанца, бидејќи религиозноста, стана еден од важните аспекти на групна идентификација.

## Методологија на истражувањето

Во рамките на овој труд се презентирани резултатите од две истражувања спроведени на Правниот факултет, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Првото истражување е спроведено во 2014 година на структуриран анкетен прашалник, спроведен на репрезентативен примерок. Анкетниот прашалник опфати примерок од 213 испитаници, случајно избрани лица, со различен социјален статус, степен на образование, економска состојба, етничка и верска припадност на подрачјето на целата територија на Република Македонија, односно на територијата на општина Кочани, општина Скопје, општина Велес и помал број на некои рурални населби околу наведените општини.

Во однос на возраста, 5 испитаници се на возраст од 15-18 години, 111 испитаници се на возраст од 19-30 години, 71 испитаници се на возраст од 30 -50 години, 20 испитаници се на возраст од 50 - 65 години и 6

испитаници се над 65 години. Според местото на живеење, 198 од испитаниците живеат во град, додека само 14 од нив живеат во село, за 1 испитаник не постои податок. Во однос на месечните примања во рамките на семејството, според кои го утврдуваме социјалниот статус, 40 испитаници одговориле дека имаат примања до 8 000 денари, 64 одговориле дека имаат месечни примања од 8 000 до 15 000 денари, 59 одговориле дека имаат месечни примања од 15 000 до  30 000 денари, 36 испитаници одговориле дека имаат месечни примања од 30 000 до 60 000 денари и 12 испитаници одговориле дека имаат месечни примања кои изнесуваат над 60 000 денари. 139 испитаници се од Македонска национална припадност, 42 испитаници се од Албанска национална припадност, 7 испитаници се од Турска национална припадност, 23 испитаници се од Ромска национална припадност и само еден испитаник е од Влашка национална припадност. Во однос на религиозната припадност на граѓаните, 100 испитаници се од Православна религиозна припадност, 72 испитаници се од Исламска религиозна припадност, 26 испитаници се од Протестантска религиозна припадност и 10 испитаници се од Католичка религиозна припадност (Графикон 1).

Графикон 1




Второто истражување се однесува на целен примерок (млади), добиен по случаен избор, и е спроведено во рамките на Проектот „Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза“. Истражувањето е реализирано како дел од заедничките активности на Правните факултети при

Универзитетите „Гоце Делчев“ од Штип, „Јустинијан Први“ од Скопје, како и Правниот факултет при Државниот Универзитетот во Тетово, а поддржано од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Анкетното истражување беше спроведено во текот на 2015 година, на претходно подготвена методолошка рамка во што учествуваат дел од студентите и професорскиот кадар при Центарот за правно-политички истражувања на Правниот факултет, при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Истражувањето го спроведоа тимови од професори и студенти на трите споменати правни факултети. Обработката на податоците и анализата на истите во текот на 2015 и 2016 година беше извршена во рамките на Правниот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во рамките на истражувањето „Влијание на стереотипите и етничката дистанца за појава на дискриминација, говор на омраза и криминал од омраза“опфатени се 519 испитаници. 41% од испитаниците се од машки пол, додека 59 % се од женски пол. Според застапеноста на возрасните категории, 243 испитаника или 46,8 % се на возраст од 16 до 18 години, 255 испитаника или 49,1 % се на возраст од 19 до 21 година, додека 17 испитаника или 3,3 % се на возраст од 22 до 24 години. 38,7 % од испитаниците живеат на село, додека 59 % живеат во град.

Според етничката припадност, најголем дел од испитаниците се од Македонската и Албанската етничка заедница. Така, 342 испитаници или 65,9 % се Македонци, а 156 испитаници или 30,1% се Албанци. Останатите етнички заедници се опфатени со помал процент, или вкупно сочинуваат околу 4 % од вкупниот број на испитаници. Според религиската припадност на испитаниците, 323 испитаници, или 62,2 % се изјасниле дека се од Христијанска Православна вероисповед, 172 испитаници, или 33,1 % се од Исламска вероисповед, додека вкупно околу 4 % од испитаниците се изјасниле дека се од Католичка или Протестантска вероисповед, атеисти или пак се определиле за опцијата „Друго“ (Графикон 2).

Графикон 2




**Резултати од истражувањето во 2014 година**

Степенот на религиозност на испитаниците е утврден преку прашањата Дали сте религиозни?, како и колку често посетувате религиозен објект? Според одговорите најголем дел, или 66,2 % од испитаниците себеси се сметаат за религиозни (Графикон 3). Доколку се направи вкрстување со религиската припадност, поголем степен на религиозност може да се забележи кај испитаниците од исламска вероисповед, отколку кај православните христијани. Најголем дел од испитаниците религиските објекти ги посетуваат неколку пати во текот на годината (36, 6 %), или во исклучителни ситуации за задоволување на религиските потреби, како што се свадби или погреби (30 %) (Графикон 4). Сепак, согласно ова прашање, може да се забележи поголем степен на религиозност кај испитаниците од протестантска вероисповед, каде за опцијата секој ден се определиле 84, 6 % од испитаниците и исклучително низок кај испитаниците од православна христијанска вероисповед каде само 9 % се изјасниле дека секоја недела посетуваат верски објект (Графикон 5). Во рамките на истражувањето, од аспект на политичката мобилизација може да се забележи дека перцепцијата за повисокиот степен на религиозност кај испитаниците би значела и поголема можност за инволвирање во политичките процеси, манифестирано во рамките на

степенот на излезност на избори (Графикон 6). Исто така, поголем дел од испитаниците сметаат дека религијата и религиските заедници треба да бидат присутни во политиката и државата во мера во која со својата позитивна улога би влијаеле за воспоставување на здрави општествени и државни односи (Графикон 7).

Графикон 3




Графикон 4



Графикон 5




Графикон 6



Графикон 7




Мултиетничкиот карактер на државата подеднакво ги детерминира и интерконфесионалните односи. Така, најголем дел од испитаниците од сите религиски заедници во Република Македонија се согласни дека меѓунационалната, културната и верска толеранција се услов за стабилност на македонското општество (Графикон 8). Сепак според перцепциите на испитаниците постои недостаток од религиски дијалог, кој најчесто се однесува само на одредени приоритетни прашања и е централизиран на ниво на лидери на верски заедници (Графикон 9 и Графикон 10).

Графикон 8




Графикон 9



Графикон 10




Од аспект на довербата, која религиските институции ја уживаат од страна на граѓаните, можеме да забележиме дека во однос на останатите општествени сектори, таа е релативно висока (Табела 1). Исто така може да се забележи дека е поголемо нивото на доверба во религиските институции кај испитаниците со исламска и протестантска христијанска вероисповед, отколку кај испитаниците од православна и католичка христијанска вероисповед (Графикон 11). Можеби токму поради високата доверба во религиските институции, поголемиот дел од испитаниците сметаат дека религијата и религиските учења треба да бидат дел од образовниот систем, или со да на ова прашање одговориле 53, 1 % од испитаниците, со не 24, 9 %, а со не знам 21, 6 % (Графикон 12).

Табела 1

| Оценете ја довербата во секој од наведените општествени сектори (1= ниско ниво на доверба, 5=високо ниво на доверба) | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Верските институции** | **Политичките партии** | **Владата** | **Парламентот** | **Судовите** | **Граѓанскиот сектор** | **Медиумите** |
| 3, 60 | 1, 70 | 1, 59 | 1, 88 | 1, 77 | 1, 75 | 1, 61 |

Графикон 11




Графикон 12



**Резултати од истражувањето во 2015 година**

Иако фокусот на ова истражување е ставен на интеретничките односи во Република Македонија, сепак ги издвојуваме сегментите кои се однесуваат на религиската интеракција.

На прашањето, Како ја определувате сопствената религиозност?, 6,4 % од вкупниот број на испитаници тврдат дека воопшто не се религиозни, 21,2 % се определиле за опцијата „малку сум религиозен", „верски неопределени" се само 1,7 %, а високи 56,5 % од вкупниот број на испитаници се определиле како „религиозни", додека за опцијата „многу сум религиозен" се определиле 9,2 % од испитаниците (Графикон 13). Според половата припадност, женскиот пол е порелигиозен од машкиот. Така, доколку кај машкиот пол 51,4 % се „религиозни, а 8 % „многу се религиозни", кај женскиот пол 60 % се определиле за „религиозни", а 10,2 % за „многу религиозни". Според возраста и категориите студенти и средношколци, не постои значителна разлика во нивната перцепција на сопствената религиозност. Кога сме кај перцепцијата за степенот на религиозност кај двете најголеми етнички заедници, од одговорите е забележливо дека испитаниците од албанска етничка припадност се порелигиозни во однос на испитаниците од македонска етничка припадност. Така, кај испитаниците Македонци, 7,9 % од испитаниците тврдат дека „не се религиозни", 26 % „малку се религиозни, „религиозни" се 54,7 %, а само 6,1 % од испитаниците Македонци тврдат дека „многу се религиозни". Дотолку кај испитаниците Албанци само 3,2 % тврдат дека „не се религиозни", ниски 12,2 % „малку се религиозни", 60,3 % се „религиозни", додека високи надпросечни 14,1 % тврдат дека „многу се религиозни".Исто така, забележливо е минимално зголемување на религиозноста кај испитаниците од исламска вероисповед, споредено со истите кои се определиле како православни христијани. Така, кај православните христијани 26,9 % „малку се религиозни", 57,9 % се „религиозни", а само 6,2 % се определиле како „многу религиозни". Дотолку според одговорите кај испитаниците од исламска вероисповед, „малку се религиозни" 11 %, 60,5 % се определиле како „религиозни", додека „многу религиозни" се 15,1 % од испитаниците со исламска вероисповед (Графикон 14).

Графикон 13




Графикон 14



Најголем дел од испитаниците, или високи 66,5 % (59,8 % од испитаниците од православна вероисповеди 86,6 % од испитаниците од исламска вероисповед), сметаат дека е подобро да се склучи брак со маж/жена од иста вера. Колку е помала религиозноста на испитаниците, толку е поголем процентот на оние кои се неопределени или преферираат брак со маж/жена кои не се религиозни. Но, и кај помалку религиозните не е пожелна друга религиска припадност. Како се зголемува религиозноста така се зголемува и конзервативноста во ставовите по однос на брак со припадници на друга религија. Кај испитаниците кои не се религиозни, 36,4 % преферираат брак со маж/жена од иста вера, кај испитаниците кои малку се религиозни ваков брак е преферирен кај 59,1 %, религиозните испитаници преферираат брак на маж/жена од иста вера со 70,6 %, а 77,1 % од многу религиозните испитаници преферираат брак со маж/жена од иста вера (Графикон 15).

Графикон 15




Во табелите 2 и 3 се претставени ставовите на испитаниците млади од двете најголеми религиски заедници во Република Македонија во однос на сопствената група и кон останатите. Прашањата се однесуваат на интерперсоналната религиска дистанца (Ставовите „Да се дружам со

него и да ми биде пријател“ и „Мојата сестра/брат или роднина да се омажи/ожени со него“),религиска дистанца во врска со местото на живеење („Да живее со мене во иста општина“ и „Да живее со мене во исто место“), религиската дистанца во врска со функцијата („Да биде градоначалник во општината во која живеам“, „Да ја претставува Општината во Собранието на РМ“ и „Да биде раководител во организацијата во која работам“), како и образовната дистанца („Неговите деца да посетуваат исто училиште како и моите“). Притоа, дел од ставовите се однесуваат на користењето на т.н. Богардусова скала на мерење на религиската дистанца.

Во делот на религиската дистанца, забележливо е поголемо дистанцирање на припадниците на Исламската заедница во однос на останатите конфесии, споредено со ставовите кои ги имаат испитаниците од Христијанската-православна конфесија во однос на останатите. Слична слика можеме да забележиме и во однос на етничката и религиска дистанца во врска со функцијата и образовната дистанца. Корелативните интерперсонални релации и во перцепциите на испитаниците од најголемите две конфесионални заедници (православно-христијанска и исламска), при што интерперсоналната дистанца на испитаниците од Православната-христијанска заедница кон останатите е помала, споредено со истата дистанца која ја имаат испитаниците од Исламска вероисповед. Во однос на религиската припадност испитаниците од христијанска-православна вероисповед, како и оние со исламска вероисповед имаат во одност на протестанската вероисповед. Религиската дистанца помеѓу христијаните православни и испитаниците со исламска вероисповед е на основа на интерперсоналната религиска дистанца, односно на ставот “Мојата сестра или роднина да се омажи со него“.Имено, во однос на христијанската-православна вероисповедза само 7 % од испитаниците со исламската вероисповед е прифатливо,а обратно овој процент кај испитаниците православни кон испитаниците со исламска вероисповед е 19 % (Табела 2 и 3).

Табела 2

## ПРАВОСЛАВНА ХРИСТИЈАНСКА ВЕРОИСПОВЕД

| | ПРАВОСЛ. | МУСЛИМАН | КАТОЛИК | ПРОТЕСТ. |
|---|---|---|---|---|
| Да живее со мене во иста општина | 89, 5 % | 46, 7 % | 50, 2 % | 32, 5 % |
| Да живее со мене во исто место | 90, 1 % | 38, 4 % | 44 % | 27, 9 % |
| Неговите деца да посетуваатисто училиште со моите | 87 % | 43, 7 % | 46, 4 % | 31 % |
| Да се дружам со него и да ми биде пријател | 89, 5 % | 43, 3 % | 47, 7 % | 30, 3 % |
| Мојата сестра или роднина да се омажи за него | 90, 4 % | 19, 8 % | 26, 9 % | 17 % |
| Да биде Градоначалник во општината во која живеам | 90, 1 % | 25, 4 % | 31 % | 21, 1 % |
| Да биде раководител во организацијата каде што работам | 90, 4 % | 28, 5 % | 30, 3 % | 21, 7 % |
| Да ја претставува мојата општина во Собранието на РМ | 85, 8 % | 25, 1 % | 29, 4 % | 18, 9 % |

Табела 3

**ИСЛАМСКА ВЕРОИСПОВЕД**

| | ПРАВОСЛ. | МУСЛИМАН | КАТОЛИК | ПРОТЕСТ. |
|---|---|---|---|---|
| Да живее со мене во иста општина | 24 % | 93 % | 18 % | 10, 5 % |
| Да живее со мене во исто место | 19, 2 % | 91, 3 % | 16, 3 % | 7, 6 % |
| Неговите деца да посетуваатисто училиште со моите | 23, 3 % | 89 % | 16, 3 % | 10, 5 % |
| Да се дружам со него и да ми биде пријател | 23, 3 % | 84, 9 % | 18, 6 % | 8, 1 % |
| Мојата сестра или роднина да се омажи за него | 7 % | 87, 8 % | 4, 1 % | 2, 3 % |
| Да биде Градоначалник во општината во која живеам | 17, 4 % | 88, 4 % | 14 % | 8, 1 % |
| Да биде раководител во организацијата каде што работам | 16, 9 % | 87, 2 % | 10, 5 % | 5, 8 % |
| Да ја претставува мојата општина во Собранието на РМ | 23, 8 % | 83, 7 % | 14 % | 7, 6 % |

**Заклучок**

Поаѓајќи од фактот дека македонското општество, во голема мера, е дезинтегрирано по етничка основа, односно дека нетолерантноста и чувството на меѓусебна нетрпеливост меѓу граѓаните од различни етникуми води кон перманентни, латентни или манифестни интеретнички тензии и конфликти, во овој труд се прави обид да се детектира религиската дистанца во функција на подобрување на соживотот во нашата земја.

Сето тоа оди во прилог на демократизација која подразбира зголемување на транспарентноста, дијалогот, политичката култура, толеранцијата, заемното почитување меѓу граѓаните како на интра, така и на интеретничко ниво;

Од особена важност за нашата земја е намалувањето на етничката и религиската дистанца меѓу граѓаните од различни етникуми и конфесии што би водело кон зголемување на меѓусебната доверба, што е основен предуслов за подобрување на капацитетите на социјалниот капитал и социјалната интеграција на македонското општество.

Сепак од истражувањата можеме да забележиме дека во Република Македонија степенот на религиозноста е на релативно високо ниво. Од резултатите на истражувањето може да се забележи дека степенот на религиозност е повисок кај испитаниците од албанската етничка заедница и со исламска вероисповед, но мораме да потенцираме дека ваквата разлика во однос на испитаниците од македонската етничка заедница и со правиславна христијанска вероисповед не е многу голема. Дури, ако се направат споредби со останатите сегменти на македонското општество, изненадувачки е висок степенот на доверба во религиозните институции. Во делот на религиската дистанца забележливо е поголемо дистанцирање на припадниците на Исламската заедница во однос на останатите конфесии, споредбено со ставовите на припадниците на Христјанската-Православна религија во однос на останатите.

**Користена литература:**


Ташева, М., (1998), „*Етничките групи во Македонија – Современи состојби*“, Скопје: Филозофски факултет

Ташева, Р., Ф., (2007), „*Албанците и Македонците: Етничката интеракција во Република Македонија, пред и по конфликтот од 2001 година*“, Штип: 2-ри Август С

Park, E. R., Burgess, E. W. (1921), Introduction to the Science of Sociology, Chicago: The University of Chicago Press.

Park, E. R. (1924), “The Concept of Social Distance as Applied to the Stdy of Racial Attitudes and Racial Relations”, Journal of Applied Sociology

Лазароски Ј. (1994) „*Националната приврзаност и односот спрема други народи“* Скопје: НИО "Студентски збор"

**ГОДИШЕН ЗБОРНИК YEARBOOK 2016**
**ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ FACULTY OF LAW 2016**


**За издавачот:**
Проф. Д-р Јован Ананиев



**Издавачки совет Editorial Board**
Проф. Д-р Блажо Боев prof. Blažo Boev, Ph.D
Проф. Д-р Лилјана Гудева – Колева prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
М-р Ристо Костуранов Risto Kostruranov, LL.M
Проф. Д-р Јована Ананиев prof. Jovan Ananiev, Ph.D
Доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска Ass. Prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**Меѓународен програмски комитет International Editorial Board**
Проф. Д-р Јован Ананиев Prof. Jovan Ananiev, Ph. D
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Р. Македонија University Goce Delcev – Stip, Macedonia
проф. д-р Јадранка Денкова Prof. Jadranka Denkova, Ph. D
Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Р. Македонија University Goce Delcev – Stip, Macedonia
Проф. Д-р Жан Пол Ленер Prof. Jean Paul Lehners, Ph. D
Универзитет на Луксембруг, Луксембург University of Luxembourg, Luxembourg
Проф. Д-р Аленка Верболе Prof. Alenka Verbole, Ph. D
Универзитет на Љубљана, Словенија University of Ljubljana, Slovenia
Проф. Татјана Петровна Суспицина Prof. Tatjana Petrovna Suspicina, Ph.D
Московска Правна Академија, Русија Moscow State Law Academy, Russia
Проф. Габриела Белова Prof. Gabriela Belova, Ph.D
Југозападен Универзитет „Неофит Рилски“ South West University “Neofit Rilski”
Бугарија Bulgaria

**Редакциски одбор Editorial Staff**
Проф. д-р Јован Ананиев prof. Jovan Ananiev, Ph.D
доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska, Ph. D
Доц. д-р Борка Тушевска Ass. Prof. Borka Tushevska

**Главен уредник Managing editor**
Проф. д-р Јован Ананиев prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Одговорен уредник Editor in chief**
Доц. д-р Ана Никодиновска Крстевска Ass. Prof. Ana Nikodinovska Krstevska

**Јазично уредување Language editor**
Даница Гавриловска-Атанасовска Danica Gavrilovska-Atanasovska
(македонски јазик) (Macedonian language)

**Техничко уредување Technical editor**
Славе Димитров Slave Dimitrov
Благој Михов Blagoj Mihov



**Редакција и администрација Address of the Editorial office**
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип University Goce Delcev – Stip
Правен факултет Faculty of Law
ул. „Крсте Мисирков“ бб ul.”Krste Misirkov” BB PO.BOX 201
п. фах 201, 2000 Штип PO. Box 201, 2000 Stip
Р. Македонија R. of Macedonia